***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 24.02.2026 година (2)***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 13 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска и Мише Милошевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Одлука за укинување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина"со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година.**

2. Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина".**

3.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата констатира присуство на сите советници, при тоа објасни предходно имаше седница оправданоста за свикување на втора вонредна седница беше образложено. Предложениот Дневен ред го стави на гласање. Со 11 „за" беше усвоен дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за укинување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина"со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година***

За Одлуката за укинување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина"со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година** немаше дискусија. Со 8 „за" и 3 „воздржани" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина"***

За Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина"** претставникот Мише Милошевски објасни вкупната вредност е 5.215.600,оо Министерството за локална учествува со 3.500.000, а општината со 1.715.600 денари. Дискусија немаше. Со 8 „за" и 3 „воздржани" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Предлози и прашања***

Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17- 266/5
13.03 .2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски